# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ДИСЦИПЛИНА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.201 од 31.12.2014 година**

### Член 1

Во Законот за финансиска дисциплина („Службен весник на Република Македонија" број 187/13) во членот 11 став (2) зборот „писмено" се заменува со зборовите: „во рок од 10 дена од приемот на тужбата, предлогот за извршување односно предлогот за платен налог, во писмена, односно електронска форма кога е тоа можно,".

### Член 2

Во членот 12 зборот „писмено" се заменува со зборовите: „во рок од 10 дена од приемот на тужбата, предлогот за извршување односно предлогот за платен налог, во писмена, односно електронска форма кога е тоа можно,".

### Член 3

Во членот 13 став (1) бројот „15" се заменува со бројот „30".

Во ставот (2) во втората реченица по зборот „должна" се додаваат зборовите: „во писмена, односно електронска форма кога е тоа можно,".

### Член 4

Во членот 17 став (1) зборовите: „ доколку не ја намири паричната обврска во роковите утврдени со овој закон " се заменуваат со зборовите: „ доколку не ја исполни паричната обврска во предвидениот рок, а согласно член 5 ставови (1) и (3) и член 6 ставови (1) и (2) од овој закон, односно во рокот од членот 7 од овој закон.".

Во ставот (2) зборовите „доколку нема да ја намири паричната обврска во роковите утврдени со овој закон" се заменуваат со зборовите „доколку не ја исполни паричната обврска во предвидениот рок, а согласно член 5 ставови (1) и (3) од овој закон, односно во рокот од член 7 од овој закон.".

Во ставот (3) зборовите: „ доколку нема да ја намири паричната обврска во роковите утврдени со овој закон " се заменуваат со зборовите: „ доколку не ја исполни паричната обврска во предвидениот рок, а согласно член 5 ставови (1) и (3) од овој закон, односно во рокот од член 7 од овој закон.".

Во ставот (4) зборовите: „ доколку не се намири паричната обврска во роковите утврдени со овој закон" се заменуваат со зборовите: „ доколку не се исполни паричната обврска во предвидениот рок, а согласно членот 6 ставови (1) и (2) од овој закон, односно во рокот од член 7 од овој закон ".

### Член 5

Во членот 19 став (2) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „а ќе се однесуваат на деловните трансакции меѓу економските оператори од приватниот сектор, односно меѓу субјектите од јавниот сектор и економските оператори од приватниот сектор настанати по 31 декември 2014 година.".

### Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2015 година.